


**Lippert, Andreas, Matzinger, Joachim. *Die Illyrer: Geschichte, Archäologie und Sprache.* Stuttgart: W. Kohlhammer GmbH, 2021, ISBN 9783170377097.**

Пред некоја година, во серијата „Историја во наука и истражување“ на издавачката куќа „Колхамер“ од Штутгарт беше објавена неочекувана синтеза за античките Илири. Со децении се немаше појавено нешто слично затоа што поновите сознанија се занемарливи. Двајцата виенски автори, едниот емеритус по праисториска археологија на Универзитетот во Виена, а другиот искусен истражувач во областа на балканската топономастика и лингвистика од Австриската академија на науките, продолжуваат во научниот домен една сосема разбирлива хабсбуршка традиција. Монографијава можеби остава површен впечаток на научно-популарно издание, и заради немањето фусноти, но сигурно е многу повеќе од тоа.

Во предговорот се накратко претставени целта и структурата на книгата, а дознаваме и дека идејата за вакво издание била на Тимо Штиклер од Универзитетот „Фридрих Шилер“ во Јена. На една страница се наредени знаците, кратенките и начинот на предавање на албанските топоними. Првиот од трите дела е насловен „Увод во

историјата на Илирите“ и започнува со поглавје за народноста и распространетоста. Неодминливи станици се Херодотовата дефиниција за народноста, митот за Кадмо и Хармонија и основањето на коринтските колонии (Епидамнос и Аполонија). Прегледот на античките сведоштва за илирските и соседните племиња е заокружен со грубо изработена карта, на која се забележува несигурното сместување на Енхелеите на црногорското јадранско крајбрежје, а не на Охридското Езеро, како и потполното отсуство на Атинтаните. Не е јасно како можело да има Батиати долж Дрим, а Линкестите никаде не се “Lynchestes”. Но авторите веќе признаваат дека податоците со кои располагаме се многу оскудни. Второто поглавје концизно ги обработува првите илирските владетели и нивните судири со македонските, а хеленизацијата на јужните илирски простори, со почеток во 4. в. ст. е., е предмет на третото. Посебно поглавје заслужила јужноилирската држава на Ардиаите (Плеурат, Агрон, Теута), која преку пиратството им ги отворила на Римјаните портите на Балканот и на крајот била уредена слично како поразената античка Македонија. Но требало време (240 години) за да се покорат сите илирски племиња, конечно поделени на две римски провинции, Далматија и Панонија. Во поглавјето со наслов „Римскиот Илирик“ не е одмината Виа Егнатија, ниту интензивната романизација, која ја условила доцноантичката поделба на Царството на латински западен и грчки источен дел. Јасно, илирските цареви не биле Илири по род, туку произлегувале од повеќевековната преобразба на етничката структура на регионот. Овој субопарен дел, кого дефинитивно можел да го напише подобро трет автор, завршува со необичен заклучок за настаните на илирските простори и за јазичната историја. Тука со право се разобличува нововековниот панилиризам условен од големината на римскиот Илирик, но и се рециклира прашањето за јазичната романизација. Македонските Власи би можеле да се навредат што овде не се спомнати во контекстот на балканскиот латинитет. Како течела славизацијата на латинизираните илирски земји не можеме да знаеме, а српско-хрватскиот илиризам и албанската преродба со илирски мит припаѓаат во истиот кош.

„Археологијата на Илирите“ е премногу детално обработена од првиот автор во вториот дел. Како скептик во врска со праисторијата, не можам сосема објективно да го оценам. И покрај идеолошките мотиви, се чини дека праисториската археологија на илирските простори сѐ уште се наоѓа во рана фаза. Интересна е реконструкцијата на брановите на индоевропеизација на регионот, но не е конечна. Липерт полека нѐ води низ сите периоди преку разните материјални остатоци, а пред сѐ преку погребувањата и прилозите во нив. Можеби е малку тешко да се следи подробното претставување на разните култури и наоди, но тоа не остава никаков сомнеж за својата актуелност. Фазите на културата „Гласинац“, според местото во Босна, ја исполнуваат оваа целина. Со соодветни карти се прикажани впечатливите распространетости на фибулите во облик на очила (Brillenfibeln) и на културата на полиња со урни (Urnenfelderkultur). Во посебно поглавје се разгледани бронзенодопските и железнодопските утврдени населби. Во тој период на илирските простори се среќаваат зони на мешање на инхумацијата и кремацијата. За погребните насипи биле можни две структури, со или без централно погребување, но секако во концентрични кругови. Се откриваат мали и големи полиња со тумули, а почнува да се јавува и очигледно импортирана керамика (коринтска колонизација на брегот). Гласинац (IV) повторно исплива во раното Железно доба, од кое датираат камења за острење и украси за ремени што воспоставуваат врска со степската прататковина. Наредната карта е онаа за рашireноста на еднodelната фибула во облик на очила. За женските погребувања од периодот Гласинац IVb во јужна Албанија се карактеристични нараквиците од типот „Прилеп“, додека далеку на север била во мода т.н. „јаподска“ капа. Средното Железно доба (Гласинац IV c-1, 660–600 ст. е.) ги донесува првите грчки колонии, Епидамнос и Аполонија, со соодветните влијанија врз племињата во внатрешноста. За периодот Гласинац IV c-2 (600–525 ст. е.) својствени се специфични облици на фибули (типови „Гласинац“, „Русановиќи“, „Потпеќине“, „Араpева“ и „Борања“), чија распространетост е претставена на карта на регионот. За југоисточна Албанија, пак, карактеристична е мат-сликаната керамика, која често се наоѓа и во Македонија. И фибулата во облик на палмета била раширена во наредниот период (доцно Железно доба), но само т.н. „илирски“ шлем заслужил соодветна карта (два типа, 6-4 в. ст. е., главно Албанија и Македонија), а поранешниот тип 2 бил распространет особено низ Хелада и Македонија. Во посебно подпоглавје авторот прави рекапитулација и дава табела на наодите во погребувањата на Гласинац, што му дозволува да заклучи дека до крајот на 10. в. ст. е. развојот на илирската култура во познатите граници бил во голема мерка завршен. По сосема краткото претставување на келтските северни соседи на Илирите доаѓа поглавје посветено на илирските стопанство и општество. Чудесно е какви сѐ заклучоци овозможува примената на современи технологии во археологијата. Потврдени се сто-

чарство (вклучувајќи трансхумација), земјоделство и лов. Рудниците на сребро го овозможиле и монетоковањето на Дамастион, а за бронзените работилници зборува т.н. „албано-далматинска“ секира со отвор, чија рашименост е претставена на соодветна карта. Нормално, сол од Босна користиме и денес, а во јужна Албанија имало битумен. Трговската размена е евидентна уште од микенско време (керамика, шлемови, особено килибар), а трансхумацијата дозволувала и трговија со каравани. Монетите, јасно, се ширеле од Аполонија и Дирахиј на брегот и по текот на реките. Увозот на вино и маслиново масло бил главно од јужна Италија. Епирските монети сведочат за трговија на јужноилирските племиња со Епирците. Што се однесува до социјалната структура, се знае што може да индицира погребување на големец (карта 22). Но веројатно немало потреба од толку детално претставување на одделните погребувања, ниту основа за вклучување на гробовите од Требеништа. Концентрацијата над речните текови и функцијата на знаменитости во пределот се сосема очекувани. Авторот малку се занел со екскурсот за патријархалното овчарско општество карактеристично за Албанците од почетокот на минатиот век. Многу малку се знае за илирските верувања и култови, што, ако се гледа изолирано, кај неупатените може да остави впечаток дека не постоела автономна илирска култура. Овие страници се високо шпекулативни и ги вклучуваат хеленските божества и индоевропските идоли, симболи и други веројатно култни предмети. Единствениот пример на недвижно светилиште од Под кај Бугојна е беден, а илирските наоди од хеленски светилишта зборуваат за интегрираност во античкиот свет. Поистоветувањето на илирските со хеленските и подоцна со римските божества можело да се следи и на монетите. Забележан е бог Медаур, но и деификација на илирската земја (“Terra Hyllirica”). Во последното подпоглавје се претставуваат „доцните Илири“, со редица на градови оформени по примерот на грчките колонии на брегот и некогаш со свое монетоковање (Амантија, Олимпе, Никаја, Билис, Скодра, Лисос, непознатиот град кај Долно Селце, Ризон, Доклеа). Но свои монети ковале и одделни племиња и регионални владетели. По прегледот на фунерарната сфера, изненадувачки, Липерт решил да се позанимава со илирските митови. Широко познатиот генеалошки мит за Кадмо, Хармонија и Енхелеите му дава можност да разјасни зошто и претходно го беше сместил ова племе во близина на Скадарското Езеро, но не е сигурно дека етнонимот е егзоним (хеленски превод на илирско племенско име). Големо внимание се дава на култот на змијата и на нејзиното присуство во илирската митологија, видливо на одредени несекојдневни гробни наоди, каде чест мотив е и птицата, но имало и хеленски влијанија. Секако, Илирите биле апсорбирани од римската цивилизација, но релацијата со албанската, воспоставена во истата, последна реченица од првиот дел, е нејасна.

Третиот дел на книгава, оној посветен на илирскиот јазик, вклучувајќи ја ономастиката, бил подготвен од д-р Мацингер. Почнува со допуштање дека предхеленските апелативи и топоними во хеленскиот јазик биле неиндоевропски. Во претставувањето, пак, на индоевропската палеобалканска лингвистичка слика, авторот наивно упатува на ламелата од Пела како доказ за северозападногрчкиот, односно дорски карактер на македонскиот јазик. Подолу ги спомнува аромански дијалекти на јужниот Балкан како манифестации на латинитет, со што ја поправа грешката на својот соработник. Правилно забележува и дека претставата за илирско-тракиско-хеленски балкански простор е претерана симплификација. Панилиризмот е застарена идеја како и пантракизмот и панхеленизмот, а остатоците од илирскиот јазик се толку оскудни, што нема речиси никаков напредок и авторите мораат накратко да ги повторуваат истите нешта. Во прегледот на изворите за Илирите од непознати побуди се спомнуваат и Линкестите кај Тукидид. Интересни се етимологиите предложени за одредени илирски етноними, но оние за Таулантите и Хилите се прилично изнасилени, исто како и индоиранската митолошка паралела за личното име „Тритос“. Двете објаснувања за римскиот поим “proprie dicti Illyrii” (племе или племенски сојуз) се поврзани со разбирањето на етнонимов како егзоним или ендоним. Се повторува дека таканаречените „илирски“ римски цареви се рана последица на проширувањето на поимот првобитно воспоставен за поразената држава на Гентиј, а словенскиот илиризам многу подоцнежна, но не и албанскиот, кој инспирирал дури и бизарно оживување на илирската антропонимија во современата албанска. Третото поглавје на третиот дел од книгава ги прикажува изворите за илирските јазик и ономастика. Единствениот „илирски“ натпис на прстен беше подоцна убедливо прочитан како византиски, а единствената глоса кај Хесихиј претставена како илирска е име (Δευάδαι). Во схолиите кон Хомеровата Одисеја се наоѓа наводно илирски збор за магла (ῥινός), но поврзувањето со албанската лексема за облак е неубедливо. Кај латинскиот автор Амијан Марцелин е забележан збор за напиток на сиромашните во Илирик (sabaia), а лексемата “sybina” за копје поскоро е скитачки збор. Според авторот, останува валиден

заклучокот на Катичиќ дека не може да се проучува илирската историска фонологија врз основа на овие глоси. Во подпоглавјето за топонимијата и хидронимијата уредно се констатира дека не може да стане збор за илирски месни имиња, туку само за топоними на илирските простори, и дека палеобалканската топонимија треба допрва да се проучува според модерните историско-лингвистички методи. Но Мацингер сепак разликува три топонимиски слоеви во овие краишта, имено предгрчки, грчки и латински. Детално обработува повеќе примери од првиот слој, со неизбежни албански паралели и можеби пресмел третман на „Албанополис“, а само два од вториот (Лисос и Дирахиј), додека латинската и келтската топонимија се разгледани само попатно. Четвртото подпоглавје се занимава со антропонимите, домен во кој важно достигнување е поделбата на западниот Балкан на три ономастички области: севернојадранско-либурнска, среднодалматско-панонска и југоисточнодалматско-илирска. Но спорно е поместувањето во оваа област и на Лихнид, Пелагонија и Пајонија. Авторот дава листа на имиња што биле разгледувани како илирски од науката, признавајќи дека меѓу нив мора да има и туѓи кои навлегле на илирските простори. Името „Дерда“, по мое мислење, не мора да било македонско.

Карактеристиките на илирскиот јазик, барем колку што може да се извлечат од оскудните остатоци поминати низ грчки или латински филтри од разни периоди, се обработени во четвртото поглавје на третиот дел. Се претполагаат пет вокали, со можност за разликување на должина и за дифтонзи, а во консонантскиот систем се реконструира и африкат, иако лесно би можел да биде обичен звучен сибилант. Посведочено е и заменување на неми консонанти (t, d, th). Морфологијата се потпира исклучиво на ономастиката, но така премногу прилега на хеленската. „Граматика“ била можна само со вклучување на големо количество на хетероген материјал, како што направил Мејер. Петтото поглавје се бави со етимолошките тешкотии и генеалошкото сместување на илирскиот. Опасно поле на истражување, со потенцијал за унапредување врз основа на современите методи, но Мацингер тука се зафаќа прилично шпекулативно само со неколку избрани прашања (развојот на индоевропското кратко „о“ и на слоготворните резонанти, деаспирацијата на аспирираните неми консонанти, релативизираната „кентум-сатем“ дискусија). Во посебни подпоглавја накратко се претставува идејата за источноалпски индоевропски блок, на кој би припаѓал илирскиот, и застареноста на онаа за блиско сродство на месапскиот и илирскиот. Шестото поглавје ја покрива контроверзијата за илирско-албанскиот континуитет на јазичен план. Авторот детално ги разгледува можностите и заклучува дека за таков континуитет не може да стане збор, но и дека е можно илирскиот и албанскиот да се два различни палеобалкански индоевропски јазици. Како и да е, идејата за балкански јазичен сојуз во антиката е сѐ уште недооформена, но илирските земји во тој период сигурно ги карактеризирала билингвалност. По краткото резиме на ова поглавје доаѓа вонредното осмо, со наслов „Анализа на антропонимите на илирските простори“. Очигледно меѓу нив има и некои сигурно неилирски и некои несигурно, а можноста владетелски имиња како „Гентиј“ и „Теута“ да имале келтско потекло е интригантна. На крајот се извлекуваат заклучоци за илирската антропонимија, се претставуваат малубројните имиња со релативно сигурно илирско потекло и се констатира дека илирските имиња во албанската антропонимија се аисторични нововековни творби.

Последниот, четврти дел не е ништо друго освен кратка рекапитулација на книгава, со уверување дека има уште многу работа за археологијата и историската лингвистика. Убаво е чувството кога во библиографијата на европска публикација ќе најдете макар по еден труд од покојната проф. Проева и од проф. Митревски. Следи список на илустрациите, потоа листа на дополнителните материјали достапни на веб-страницата на издавачката куќа, и индекс (реки, места, лица, поими). Монографијава има малку печатни грешки, солидна структура и голема вредност. Подеднакво е корисна и за почетниците што сакаат да се запознаат со материјата, и за проучувачите што ја следат, предаваат и/или унапредуваат илирологијата.

*Јовица Гроздановски*
независен истражувач